Организација на жените од Македонија во Швајцарија
Organisation des femmes Macédoniennes en Suisse
Organisation Mazedonischer Frauen in der Schweiz
Organizzazione delle donne macedoni in Svizzera

16. Декември 2009

# Соопштение

## Информација за изработка на нови биометриски патни исправи, преку Амбасадата на Република Македонија во Берн

Амбасадата на РМ во Берн, информира дека сите наши државјани кои имаат истечени пасоши или пак сакаат да ги заменат старите со нови биометриски, треба на факсот во Амбасадата (031 352 00 37) до 20.12.2009 година, да испратат:

- копија од старата патна исправа, ( од страната каде се наоѓа сликата), за лица постари од 18 години;
- копија и од патните исправи од родителите за лица помлади од 18 години;
- копија од швајцарската лична карта;
- на истите копии да го напишат телефонскиот број за контакт, исто да потенцираат дека се работи за изработка на нова патна исправа.

**Постапката за добивање на нови биометриски патни исправи е следната**:

Листа од пријавените лица, ќе биде испратена до МВР во РМ. Откако Амбасадата добие од МВР прочистена листа, вработените во Амбасадата ќе закажуваат термини, за датумите кои ќе бидат подоцна доставени од МВР (крајот на јануари). На закажаните термини лицата треба да се јават лично, доколку се работи за полнолетни лица, додека се работи за лица под 18 години, заедно со двајцата родители. По земање на податоците, на закажаниот термин, лицата за подигање на патните исправи треба да чекаат 1-1,5 месеци.

| | | |
|---|---|---|
| Патна исправа | - за лица од 26 години нагоре, чини | 270.- CHF, |
| | - за лица под 26 години, чини | 160.- CHF. |

**За сите дополнителни информации ви стоиме на располагање на веќе познатите телфони: 031 352 00 28 и 031 352 00 30.**